**ЗАПИСНИК**
**од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.02.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Хари Митриќески Клекачкоски, Теодора Ристовска, Сања Гудеска Здравковска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со дополнителниот материјал за трите точки што беше доставен до членовите на Советот, објасни дека ќе се разгледуваат на седницата и ќе се вградат во дневниот ред. Двете од нив се поврзани со катастрофалниот земјотрес што се случи во Република Турција и Сириска Арапска Република и ќе се стават веднаш по записниците како Точка 3 - Предлог за донесување на одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, со предлог – одлука и Точка 4 - Предлог - одлука за доделување финансиска помош - донација за настраданото население во Република Туркије и Сириска Арапска Република од катастрофалниот земјотрес и Предлог – договор за донација. Третата точка со наслов - Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права поради сомневање дека е сторена повреда, предложи да се стави како Точка 6.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот дополнет:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.01.2023 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.01.2023 година.
3. Предлог за донесување на одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, со предлог – одлука.

4. Предлог - одлука за доделување финансиска помош - донација за настраданото население во Република Туркије и Сириска Арапска Република од катастрофалниот земјотрес и Предлог – договор за донација.
5. Разгледување на Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 октомври до 31 декември 2022 година.
6. Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права поради сомневање дека е сторена повреда.
7. Предлог-одлука за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.
8. Предлог за давање одобрување за донесување одлука за уплата на средства за пристап до Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга од приватна агенција за вработување.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.01.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 3-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.01.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 3 и 4**

Г-дин Трајчевски ги образложи Предлогот за донесување на одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, со Предлог-одлука и Предлог-одлуката за доделување финансиска помош-донација за настраданото население во Република Туркије и Сириска Арапска Република од катастрофалниот земјотрес и Предлог-договор за донација. Објасни дека Финансискиот план на Агенцијата ќе се прошири за 1.000.000,00 денари, бидејќи е почеток на годината а јавните набавки се`уште не се реализирани за да може да се обезбедат овие средства за донација за помош за настраданите во земјотресот. Во врска со предложената одлука за донација објасни дека висината е 1 милион денари, а средствата ќе бидат префрлени согласно Договорот за донација на Црвениот крст на РСМ – Фонд за солидарност и од тамо ќе бидат дистрибуирани како помош кон настраданото население. Наведе дека Договорот за донација помеѓу Агенцијата и Црвениот крст на РСМ е доставен во прилог на материјалите, кој ќе стапи

во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Г-дин Петрушевски изрази жалење што во последните неколку години имаше неколку вакви донации од страна на Агенцијата како што беше за Грција и Албанија. Објасни дека и овој пат слична е проблематиката и износот на донација.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе дискутира за двете точки. Нема утеха за настраданите во ваква една катаклизмичка ситуација. Сцените рече дека навистина се морничави и се надева дека спасувачките екипи ќе успеат да извлечат и да спасат што поголем број на луѓе од катастрофалните серии на земјотреси. Како жители на град кој што повеќето од нас живеат, главниот град Скопје мора да се покаже солидарност затоа што пред 60 години и Скопје го погоди ваков сличен катастрофален земјотрес. Во таа насока рече дека апсолутно нема никакви причини да ваквата помош не ја изгласаат како што и досега во многу други прилики го правеле тоа. Се изјасни дека ќе даде поддршка за донацијата. Наведе дека ќе даде една техничка формална јазична забелешка во однос на името на едната од државите каде што ќе се испраќа помошта, односно не е Република Туркије бидејќи кириличната транскрипција и преодното пишување на македонски јазик е Република Турција. Од тие причини предложи тоа да се коригира секаде каде што стои во материјалот.

Г-дин Ајдини изрази длабоко сочувство до семејствата на загинатите и настраданите во земјотресот во Турција и Сирија. Добро е што Агенцијата како и во низа други случаи се солидаризира и донира финансиска помош. Навистина жали за изгубените животи а според последните информации бројот на загинати се искачи на 11 илјади починати кој може и да се зголемува. Се изјасни дека ќе ја подржи предложената донација.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе се наврати на забелешката од г-дин Фиданоски. Неговото објаснување дека сепак на македонски треба да се вика Република Турција а дека Република Туркије е оригинално на турски јазик. Знае дека Турција бараше и другите земји да ја нарекуваат Туркије поради англискиот збор за птицата мисирка и веројатно тоа е причината што побараа да се смени името. Побара мислење од директорот во врска со забелешката од г-дин Фиданоски.

Г-дин Трајчевски објасни дека минатата година се смени името и во ОН, прилагодено е и во нивниот устав. По направени консултации се дојде до информација дека тоа име треба да се користи, односно официјалното име на државата е Република Туркије. Но рече дека ќе се направат дополнителни проверки.

Г-дин Петрушевски објасни дека Советот ќе ги гласа овие документи односно ќе ги одобри а директорот ќе ги донесе.

Г-дин Фиданоски објасни дека промената на името во ОН е меѓународното име на државата за севкупна коресподенција затоа што дотогаш се користеше англиската транскрипција на името која што од причини објаснето од самата држава е навредлива за нив затоа што честопати имаше споредба со англиското име на една птица. Од тие причини тие инсистираа во транскрипцијата да биде напишано како што тие јаословуваат. Меѓутоа во Македонија официјален јазик е македонскиот, а во кирилската транскрипција ние ја викаме државата Турција и тоа не е навредливо за нив. Може да се забележи и во околните земји каква е транскрипцијата односно никој во околните

земји не ја нарекува Туркије, туку така како што и дотогаш ја нарекувале бидејќи тоа не е навредливо име за нив. Од тие причини смета дека е исправно Турција за што може да се консултираат стручни лица лектори за македонски јазик дека исправно е да стои Република Турција.

Г-дин Петрушевски предложи да не се губи време околу дискусијата со името и точките да се изгласаат со можност да се провери името со МНР и лектори и да одат со Турција или Туркије како е правилно. Инаку, рече дека тој лично ја нарекува Турција.

Г-дин Јанчески објасни дека на англиски се вика „Турки" и заради англискиот назив како што кажал и г-дин Фиданоски, ние не ја викавме Турки па сега да ја викаме Туркије, туку ја викавме Република Турција. Ова е буквално во согласност со новото име. Предочи дека не баш министерствата ќе имаат идеално решение и не би требало да се потпреме на нивното мислење, затоа смета дека треба за оваа работа да се консултираат лингвисти.

*гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година, бр. 05-4716/1 од 22.12.2022 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година ќе се зголемат за 1.000.000,00 денари, односно ќе изнесуваат 149.530.505,00 денари.

Со предложеното зголемување ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 1.000.000,00 денари, наменети за:

- Доделување на еднократна финансиска помош за – Донација за настраданото население во Република Турција и Сириска Арапска Република зафатено од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023 година во износ од 1.000.000,00 денари.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација за настраданото население во Република Турција и Сириска Арапска Република од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023г., во износ од 1.000.000,00 (еден милион) денари, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Северна Македонија (РСМ), како примател на донацијата, посебен Фонд за солидарност.

Горенаведените средства се издвојуваат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги обезбедени со финансискиот план на Агенцијата за 2023г., а се уплаќаат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на РСМ – Фонд за солидарност преку Комерцијална банка, сметка број 300000001327966, даночен број 4030984271620.

За доделената финансиска помош-донација од горенаведената Одлука за настраданото население во Република Турција и Сириска Арапска Република од катастрофалниот земјотрес на ден 06.02.2023г., се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата и Црвениот крст на РСМ, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во врска со Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 01 октомври до 31 декември 2022 година, рече дека во материјалите се забележани многубројни активности на Агенцијата во овој период. Ги издвои деновите на медиумска писменост како одлична активност на АВМУ и кои добро поминаа, потоа регионалниот состанок за 25 години на АВМУ кој исто така одлично помина. Како трето рече дека има навистина голем број на меѓународни активности на Агенцијата кои ги пофали. Но, рече дека како негативна работа ќе го издвои поголемиот број на недолични однесувања на одредени функционери и политичари кон медиумите и новинарите. Појасни дека и порано имало вакви инциденти, но во ваков голем број како досега немало. Се надева дека нема да се повтори во наредниот период, затоа што ако продолжат ваквите навреди покрај голем број опомени ќе треба да се преземе нешто, дали некоја дополнителна едукација затоа што невообичаено многу имаше вакви случаи во последните неколку месеци.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе се надоврзе на последниот дел од искажувањето на г-дин Петрушевски. Такви недолични однесувања имало и ќе има на овој простор. Се согласи дека се зачестија во овој период веројатно заради политичкиот фолклор што го има во нашата земја и во околните земји. Наше е да реагираме како што се правеше и до сега, навремено да се укаже дека не е добро таквото недолично однесување кон медиумите кои што се заштитници на јавниот интерес. До сега Агенцијата тоа добро го прави и сето тоа може да се провери на веб страницата на АВМУ колку такви реакции има. Што се однесува до активностите на Агенцијата, се согласи дека кварталните извештаи се со факти и информации поприлично богати но тоа не е прв пат, веќе се навикнати на таквата динамична активност на регулаторот, обврските секогаш ги исполнува во целост и смета дека така и ќе се продолжи.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи Предлог-информацијата до органот надлежен за авторските права и сродните права поради сомневање дека е сторена повреда. Објасни дека предлогот до Советот е да се достави Информацијата која е дадена во прилог на материјалите до Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал поради тоа што во текот на вчерашниот ден ТВ Телма достави Барање до Агенцијата да преземе соодветни

дејствија во врска со утврдување на неовластено и против законско реемитување на дел од програмските содржини на ТВ Телма од страна на EON TV International Ltd, правно лице регистрирано во Кипар. Барањето на ТВ Телма како и Записник за потврдување на факти се доставени во материјалот по точката и истите како прилог кон информацијата ќе се достават и до МВР.

Советот на Агенцијата, врз основа на добиеното Барање за утврдување на неовластено и противзаконско реемитување на дел од програмска содржина на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ ТЕЛМА Скопје од страна на EON TV International Ltd, (наш бр.03-666/1 од 07.02.2023 година) со кое ТВ Телма бара Агенцијата да преземе соодветни дејствија во врска со иницирање на постапка по однос на поднесена кривична пријава до Основното јавно обвинителство, едногласно одлучи до Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал да ја достави Информацијата за постоење сомневање на сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на правното лице оператор EON TV International Ltd, Limassol Kipar, со текст како што беше предложена.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за усвојување на Конечниот извештај и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, објасни дека Советот дава одобрување а директорот ја носи одлуката за да се усвои Извештајот и сите други одлуки кои произлегуваат од тука.

Г-дин Трајчевски објасни дека ќе даде вовед но бидејќи на седницата е приклучена и пописната комисија можат да одговорат на подетални прашања доколку има. Согласно законските обврски Пописната комисија во утврдениот рок изврши попис на паричните средства, предметите, опремата, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата. Агенцијата поседува две денарски сметки во АД Комерцијална банка Скопје. Според извршениот попис согласно банкарските изводи вкупниот износ на средства на овие сметки на 31.12.2022 година изнесува 137.101.802,00 денари. Состојбата на паричните средства на денарската и девизната благајна во потполност одговара со состојбата на 31.12.2022 година, според дневникот на денарската и девизната благајна. Истото се однесува и на залихата на материјали во магацинот. Извршен е попис на основните средства и ситниот инвентар и со утврдување на фактичката состојба утврдено е дека истите соодветствуваат со добиените листи. Во прилог на пописот дадена е и листа за отпис поради застареност. Листата за отпис е по предлог на Секторот за информатичка поддршка и општи работи. Вкупните побарувања на Агенцијата на 31.12.2022 година се 2.876.873,00 денари. Од наведените средства 334.022,00 денари се однесуваат на побарувања од 2022 година. Во периодот од 30 јануари 2023 година од овие побарувања платени се 275.692,00 денари. Останатите побарувања се стари побарувања за кои има поведено соодветни постапки за нивна наплата. Најголемото побарување од старите побарувања е од ЕРА Компани на износ од 1.810.260,00 денари. Ова побарување се наплатува преку извршител со месечна задршка на парични средства од физичко лице. Вкупните обврски на Агенцијата на 31.12.2022 година изнесувале 1.940.498,00 денари. Заклучно со јануари 2023 година од наведените обврски се платени фактури во висина од

1.753.421,00 денари. Посочи дека доколку имаат прашања тука е пописната комисија која ќе одговори за подетални информации.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата, да ја донесе Одлуката за усвојување на Конечниот извештај за извршениот попис (на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата) и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата, за 2022 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и за отпис на основните средства, со текст како што беше предложена одлуката.

Со одлуката се усвојуваат Конечниот извештај за извршениот попис (на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските, основните средства, материјалните и резервните делови во магацинот и паричните средства на Агенцијата) и Пописните листи од извршениот попис во Агенцијата за 2022 година кои се доставуваат во прилог на Конечниот извештај, и тоа:

- Пописна листа за утврдената состојба на денарски средства и девизни средства, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр. 1;

- Пописна листа за залиха на материјалите во магацин - потрошниот материјал, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр. 2;

- Пописна листа на основни средства (инвентар и опрема), која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр. 3, со посебна Пописна листа за основни средства кои не се наоѓаат во Скопје, и со Пописна листа за утврдената состојба на постоење средства на друг субјект (туѓи средства), која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр. 3А;

- Пописна листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема и за ситен инвентар, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр. 4;

- Пописна листа на побарувањата и обврските, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр. 5; и

- Пописна листа за ситен инвентар, која е приложена кон Конечниот извештај како Прилог бр. 6.

Да се изврши отпис на основните средства, содржани во Пописната листа за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Конечниот извештај (како Прилог бр.4), наведена во точка 1 алинеја 4 на Одлуката.

Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 8**

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука со која се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари заради овозможување пристап на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до податоците на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ, со што ќе се создадат услови за тековно исполнување на обврските кои за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се предвидени во Законот за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/20 и 77/21) и во Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14).

Горенаведените средства се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.

**Точка 9**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга од приватна агенција за вработување. Објасни дека со оваа јавна набавка се ангажираат лица за потребите на Агенцијата и секоја година најголем дел од средствата за јавната набавка не се реализираат освен во случај кога има избори. Најголемиот ангажман настанува за време на избори кога впрочем има и најмногу активности поради изборниот период. Сепак Агенцијата секогаш мора да биде подготвена во случај да има избори, но финансиските средства за ангажирање на лица од Агенција за вработување се покриваат преку буџетот со одлука која ја носи Владата. Наведе доколку има потреба во однос на постапката образложение може да даде раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – Услуга од приватна агенција за вработување.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - Услуга од приватна агенција за вработување за период од 1 (една) година е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 10**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-647/8

15.02 **2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**